## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ - ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СИСТЕМИ ЗА ПЕРМАНЕНТНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 4602-147/19 од 11.5.2015 година донесена на 74. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 11.5.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден асистент – докторанд за научните области *системи за перманентно образование* и *педагогија* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински весник“ и „Коха“ на 14.3.2015 година.

Во предвидениот рок се пријави: м-р Јадранка Рунчева, помлад асистент, вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултет за образовни науки во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Јадранка Рунчева (Бочварова)** е родена на 7 септември 1985 година во Штип. Основно и средно (ДСУ Гимназија „Славчо Стојменски“) образование завршува во родното место со континуиран одличен успех. Во учебната 2004/2005 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува во 2008 година со средна оцена 9,51 и се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава. Како првенец на генерацијата добива признание за постигнати одлични резултати во студирањето.

По завршување на додипломските студии м-р Јадранка Рунчева го продолжува своето образование на постдипломските магистерски студии на Филозофскиот факултет, Институт за педагогија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката Теорија на воспитанието. На 10 февруари 2011 година го брани својот магистерски труд под наслов „Организација на наставата на наставничките факултети во Република Македонија“ под менторство на проф. д-р Сузана Миовска-Спасева и се здобива со научен степен магистер по педагошки науки, според Европски кредит-трансфер систем со средна оценка 9,62.

Кандидатката својот формален образовен пат го продолжува и понатаму запишувајќи се на докторски студии на Филозофскиот факултет, Институт за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со Одлука бр. 0903-2383/11 од 11.1.2012 година е усвоен извештајот за утврдување на подобноста и оспособеноста на кандидатката за научна работа и е одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Професионален развој на наставниците во високото образование“ под менторство на проф. д-р Сузана Миовска - Спасева.

М-р Јадранка Рунчева во периодот од 2009 до 2011 година волонтира на Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултет за образовни науки во Штип, а од 19.12.2012 година, со Одлука бр. 2102 – 472/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки е избрана за соработник во звањето помлад асистент за научната област педагогија, каде што работи и денес.

Кандидатката м-р Јадранка Рунчева ги исполнува условите за избор во звање асистент-докторанд за научните области системи за перманентно образование и педагогија, имајќи ги предвид следниве податоци:

1. Остварен просечен успех на прв циклус на студии од 9,51;
2. Остварен просечен успех на магистерските студии од 9,62;
3. Доставена потврда за познавање на англиски јазик Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International (Preliminary) and Council of Europe Level B2;
4. Објавени 13 научни и стручни трудови;
5. Две препораки од професори од соодветните научни области.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2009 до 2011 година м-р Јадранка Рунчева, по препорака од Педагошкиот факултет, е ангажирана како волонтер. Таа успешно и посветено, под менторство, помага во изведувањето на наставно-образовната работа на факултетот.

Како помлад асистент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од 19.12.2012 година таа учествува во реализацијата на вежбите на неколку наставни предмети: Теорија на воспитанието, Училишна педагогија, Методика на работа со надарени деца, Образовна технологија, Методика на наставата по природа и општество, Методика на наставата по математика.

Освен што успешно ги остварува наставните обврски, м-р Јадранка Рунчева континуирано работи и на својот професионален развој преку посетување на сертифицирани обуки во полето на образованието. Солидно го владее англискиот јазик (за што има поднесено и соодветна потврда (Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International (Preliminary) and Council of Europe Level B2) и располага со компјутерски знаења и вештини: добро познавање на алатките на Microsoft Office (Word, Excel и Power Point), IBM Statistical Package for the Social Sciences (SPSS) Statistics, Windows 8/7/XP.

Во изминатиот период м-р Јадранка Рунчева активно работи и на развој на сопствените научноистражувачки компетенции. Нејзините трудови се презентирани на домашни и меѓународни научно – стручни собири и се објавени во домашни и меѓународни списанија и публикации.

*Евалуација на објавените научни и стручни трудови за периодот 2011-2015 година*

Miovska-Spaseva, S. and **Bocvarova, J.** (2013) *ECTS and the teaching organization in higher education in the Republic of Macedonia: Students' views*. In: Education between Tradition and Modernity, International Symposium, 22-24 Sept 2011, Ohrid

Трудот претставува дел од пошироко истражување насочено кон проучување на карактеристиките на организацијата на наставата на наставничките факултети во Р. Македонија. Истражувањето е спроведено во 2010 година, а опфатени се 240 студенти и 10 вработени (кои имале податоци за условите за работа на овие факултети) од Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Педагошки факултет во Штип и Институтот за педагогија при Филозофски факултет во Скопје.

1. Miovska – Spaseva, S., **Bocvarova**, **J**. (2011). ECTS and the conditions for its application in the faculties of education in the Republic of Macedonia. *VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education (book of proceedings)*, 6, 11 – 19.

Трудот претставува дескриптивно-компаративна анализа на моменталната состојба во неколку високообразовни институции во РМ (Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Педагошки факултет во Штип и Институтот за педагогија при Филозофски факултет во Скопје) кои подготвуваат наставнички кадар во однос на: материјалните, техничките и просторните услови за работа согласно потребите за имплементација на болоњскиот модел на високо образование на наставници.

2. Петровска, С., **Бочварова, Ј.** и Петровска, А. (2010/2011). Некои карактеристики на развојот на образованието на наставници во Република Македонија (од Учителска школа – Штип до Педагошки факултет – Штип). *Воспитание – Списание за образовна теорија и практика*, 11, 111-124.

Во трудот проблемот на институционално образование на наставниците во Р. Македонија е третиран од историски аспект. Мошне систематично се претставени податоци за развојот на истото во периодот од појавата на Учителската школа во Штип, сè до 2010 година, кога подготовката на наставници во Штип се остварува во рамки на Педагошкиот факултет. Освен систематизацијата на законската легислатива и основањето на овие институции е направена сериозна анализа во неколку подрачја согласно со кои се определува квалитетот на организациите: наставнички кадар, наставни/студиски програми, цели, поставеност на ученикот/студентот во воспитно-образовниот процес. Посебно значајно е сознанието и аргументираниот заклучок на авторите дека „Законската легислатива, педагошката документација, како и стручните и научните записи за работата на Учителската школа 'Гоце Делчев' во Штип јасно го потврдуваат нејзиниот стремеж/ визија за создавање на совршени учители, учители кои имаат љубов и кон професијата и кон учениците, учители кои поседуваат високи морални, интелектуални, карактерни и естетски квалитети" (современа парадигма) преглед.

Koceva, M. and **Bocvarova, J.** (2012) *Using the internet in teaching*. In: International scientific and expert conference: Education for the future, 24 - 25 May 2012, Zenica, Bosna i Hercegovina.

Во трудот е направена теориска аргументација на хипотезата: компјутерската техника и информатичката технологија имаат позитивен педагошки импакт без разлика на возраста на учениците/децата. Авторите заклучуваат дека: квалитетот на педагошкото влијание на ИКТ зависи од нејзината приспособеност на карактеристиките на образовниот систем во државата и оспособеноста на наставниците за користење и имплементирање на ИКТ во наставата (референтен избор на он-лајн содржини и методички пристап).

**Bocvarova, J.** and Pavlov, Z. (2012) *Students' mobility*. Yearbook of the Faculty of Philology, 3. pp. 257-265. ISSN 1857-7059 (3)

Преку анализа на референтна литература авторите се обиделе да презентираат сознанија значајни за разбирање на европскиот високообразовен простор. Посебен акцент е ставен на промовирање на мобилноста и надминување на бариерите за слободно движење на студенти, наставници, истражувачи и административен кадар. Преку користење на статистички податоци е направена компарација меѓу позицијата на македонските студенти и позицијата на студентите од неколку европски земји во однос на можноста за образовна мобилност.

**Bocvarova, J**., Sivevska, D., and Cackov, O. (2013) *Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишните установи.* In: IX Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку", 29-30 March 2013, Sokobanja, Serbia

Во трудот се третира проблемот на вклученоста на децата од ромска националност во детските градинки во Република Македонија, со посебен осврт на детските градинки во Штип. Проучени се ставовите и мислењата на воспитувачите во врска со: соработката и комуникацијата меѓу македонските и ромските деца во детската градинка, улогата и активноста на наставникот во функција на подобрување на соработката меѓу двете групи деца, обуки и оспособување на наставникот за активно вклучување на ромските деца во групата со македонски деца во детската градинка.

Petrovska, S., **Bocvarova, J.** (2013) *Media in preschool age of child's life*. Педагогика Научнотеоретично и методическо списание, 85 (6). pp. 877-889. ISSN 1314-8540

Трудот има емпириски карактер и третира мошне актуелно и комплексно воспитно-образовно прашање – Контролата врз содржините и интензитетот и зачестеноста на присуството на медиумите во животот на децата од предучилишна возраст. Проучени се ставови и мислења на 12 воспитувачи кои работат со деца од големи групи во две детски градинки (урбана средина – Штип, Р. Македонија) и 149 родители на децата од избраните групи. Посебно значаен показател е детекцијата дека во семејството отсуствува систематско и континуирано учество на родителите во изборот на медиумските содржини, определување на честотата/временскиот интервал на користењето на компјутерот и

телевизорот. Резултатите откриваат дека: медиумите (компјутер, детска литература, телевизија) систематски и планирано се користат како воспитно-образовни средства и дека истите имаат позитивно влијание врз развојот на логичкото мислење на децата, способностите за опишување, прераскажување и раскажување, како и градењето на способности за комуникација со другарчињата (социјален аспект).

Sivevska, D., **Runceva, J** and Pesova, B. (2014) *The Role of Professional Primary School Services (Pedagogue, Psychologist) in the Process of Inclusion (with Special Aspect of Hyperactive Children)*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 149. pp. 889-895. ISSN 1877-0428

Немирот, невниманието, претераната активност се карактеристики кои сè почесто се забележуваат во однесувањето на училишните деца. Еден од клучните фактори кои влијаат на успехот на педагошкото справување со овие предизвици е оспособеноста на наставниците и на стручните соработници за препознавање на манифестациите на посебните категории на ученици.

Трудот претставува емпириско истражување низ кое авторите се обиделе да проучат колку нашите стручни служби се оспособени да ги препознаат хиперактивните деца и колку располагаат со знаења во однос на нивниот педагошки третман. Еден од клучните заклучоци е сознанието дека хиперактивните деца, главно, остануваат непрепознаени во училиштето и се третирани како проблем-ученици.

Pesova, B., Sivevska, D. and **Runceva, J**. (2014) *Early Intervention and Prevention of Students with Specific Learning Disabilities*. Procedia - Social and Behavioral Sciences, 149. pp. 701-708

Трудот претставува анализа на современи теориски и емпириски сознанија посветени на училишниот третман на децата кои доживуваат неуспех во учењето, а припаѓаат на категоријата „нормални деца“, односно не се категоризирани во групата на ученици со посебни образовни потреби. Во овој контекст е направена класификација на децата со специфичните тешкотии во учењето, истакнато е значењето на раната идентификација и опишани се современи модели на настава. Трудот има исклучително практично значење, а истовремено претставува и истражувачки предизвик за педагошката наука.

**Runceva, J**. and Sivevska, D. (2014) *Вклученост на децата со посебни образовни потреби во редовните групи во детската градинка*. In: X Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку“, 28-29 March 2014, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, Србија.

Денес сè почесто јавно се дискутира прашањето за вклученост на децата со посебни образовни потреби во редовните образовни институции. Иако идејата за инклузивно образование сè уште предизвикува многу контроверзии, таа сè поинтензивно се оживотворува и во македонското образование.

Авторите со цел да ги дијагностицираат добрите и слабите страни на некои аспекти на практичната имплементација на инклузијата во нашите детски градинки реализирале истражување на примерок од 46 воспитувачи низ кое ги проучиле нивните ставови и мислења во однос на неколку димензии на инклузивниот образовен модел: оспособеност за препознавање на децата со посебни образовни потреби, поддршката од стручните служби, соработката со родителите и влијанието на присуството на децата со посебни образовни потреби врз некои аспекти на однесувањето на останатите деца во групата.

Sivevska, D. and **Runceva, J**. (2014) *Професионален развој на воспитувачот (Посебен осврт на ситуацијата во Република Македонија)*. In: X Симпозијум са међународним учешћем „Васпотач у 21 веку“, 28-29 March 2014, Висока школа за васпитаче струковних студија, Алексинац, Србија.

Инспирација за проблематизирање на парадигмата за континуиран професионален развој на наставниците авторите наоѓаат во брзиот и интензивен научно-технолошки и технички развој, како и во процесот на глобализација, посебно во сферата на образованието.

Во трудот се елаборирани современи научни сознанија и презентирани модели на успешен процес на професионален развој на воспитувачите, а е направен обид и за компарирање на истите со состојбите во Р. Македонија.

**Runceva, J.** and Sivevska, D. (2014) *The teacher and the gifted child*. In: 9th International Balkan Education and Science Conference, 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey.

Трудот претставува анализа, елаборација и евалуација на научни сознанија кои ја потврдуваат хипотезата – за надарените деца училиштето треба да обезбеди диференцијално-индивидуален педагошки пристап.

Sivevska, D. and **Runceva, J.** (2014) *Educators Views about the Inclusion of the Children with Special Educational Needs in the Regular Groups of the Kindergarten*. In: 9th International Balkan Education and Science Conference, 16-18 Oct 2014, Trakya University, Edirne, Turkey.

Овој труд ги испитува ставовите на воспитувачите за инклузијата на децата со посебни образовни потреби во редовните групи во детските градинки. Акцент е ставен на разликите во ставовите на воспитувачите за процесот на инклузија на овие деца во однос на оправданиот/неоправданиот процес на инклузија, најсоодветни локации и форми на грижа на овие деца и нивни препораки за понатамошен третман. Авторите го спровеле истражувањето помеѓу 46 воспитувачи, во февруари 2014 година, во две детски градинки во Штип, Република Македонија.

3. Миовска Спасева, С., **Рунчева, Ј**. (2014). *Мобилноста на наставниците во високото образование*. Годишен зборник на Факултет за образовни науки. *Зборникот е во печат*.

Во трудот на доста систематичен и логичен начин е даден приказ на состојбите во македонското високо образование во однос на мобилноста на наставниците и придобивките кои произлегуваат од истата. Анализирана е и евалуирана законската регулатива во Р. Македонија и дијагностицираната состојба е ставена во контекст на пошироки истражувачки сознанија во оваа област.

*Учество на научни работилници, конференции и симпозиуми*

1. Работилница поддржана од страна на Американскиот совет во Р. Македонија и Македонско-американската алумни асоцијација, Активно учење во големи студентски групи – невозможност или предизвик?, Штип, Р. Македонија, 30 септември 2010 г.
2. Научен собир, Педагошки теми низ историјата во знак на одбележување на 70-тиот роденден на проф. д-р Киро Камберски, Скопје, Р. Македонија. 17 мај 2011 г.
3. Меѓународен симпозиум, Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото, Охрид, Р. Македонија. 22-24 септември 2011 г.
4. VI International Balkan Congress for Education and Science: The Modern Society and Education, Ohrid, Republic of Macedonia. 29.IX – 1.X.2011.
5. Стручном скупу стручног усавршавања, Васпитач у 21 веку симпозијум, Алексинац, Република Србија. 29-30 март 2013 година.
6. International Conference, Innovations Challenges and Tendencies in the Post Modern Education, Stara Zagora, Bulgaria. 12-13 September 2013.
7. Стручном скупу стручног усавршавања, Васпитач у 21 веку симпозијум, Алексинац, Република Србија. 28-29 март 2014 година.
8. First International Scientific Conference, Social Change in the Global World, Stip, Republic of Macedonia. 11-13 September 2014.
9. Научно – стручна трибина, Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век, Штип, Р. Македонија. 3 октомври 2014 г.
10. 9$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey. 16-18 October 2014.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Јадранка Рунчева е вклучена и во работата на неколку комисии, одбори и редакциски тела на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

– Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски академски студии за учебната 2013/2014 и учебната 2014/2015 година на Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-187/8, Одлука бр. 2102-149/8).
– Член на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 2107-42/2 Одлука за формирање на комисија за спроведување на тајно гласање за избор на член од редот на соработниците)
– Член на Редакцискиот совет на Годишниот зборник на трудови на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 2102-246/55).
– Член на Уредувачкиот одбор на списанието за образование и практика – Воспитание (Одлука бр. 2102-313/16).
– Член на Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014 година (Одлука бр. 0701-1239/24).
– Член на Организацидки одбор за Меѓународната научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-338/20).

Кандидатката м-р Јадранка Рунчева во текот на нејзиното работно ангажирање го продлабочува своето знаење и го збогатува работното искуство преку учество во проекти:

– Учествува како млад истражувач во 2015 година во проект „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи“, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
– Учествува како истражувач во проект TOI TOI TOI – Tools for Impact – Development of web based evaluation – tools fostering impact – oriented project – consortia for ERASMUS + (2014-2016 година).

М-р Јадранка Рунчева во периодот од 14 октомври 2013 до 15 ноември 2013 год. реализира студиски престој на Pädagogische Hochschule Salzburg, Austria, со цел проучување на професионалниот развој на наставниците на педагошките факултети во Австрија, дел од поширокото истражување за нејзиното докторскиот труд.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација и повеќегодишното следење на ангажманот на м-р Јадранка Рунчева, Комисијата заклучи дека станува збор за исполнителен, посветен, одговорен и перспективен млад истражувач. Таа покажува соодветна компетентност во работата со студентите и континуирано се усовршува во научните области перманентно образование на наставниците и педагогија.

Кандидатката постигнала значајни резултати во полето на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

М-р Јадранка Бочварова ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да ја избере м-р Јадранка Рунчева во звање асистент-докторанд за научните области перманентно образование на наставниците и педагогија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Соња Петровска, вонреден проф., претседател, с.р.**
**Д-р Сузана Миовска-Спасева, редовен проф., член, с.р.**
**Д-р Кирил Барбареев, доцент, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Избран во звање помлад асистент | | 10 | | | 10 |
| | ВКУПНО | | | | | 10 |
| Р. бр | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | | | 2 | 6 | 12 |
| | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | 25 |
| | | | | | | |
| **Р. бр** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Труд во стручно (научно – популарно) списание | 2 | 2 | 1 | 6 | 10 |
| | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 2 | 2 | 6 | 3 | 22 |
| | Учество на стручен собир со реферат (усно) | 5 | 0,5 | 4 | 1 | 6,5 |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2 | 0,5 | | | 1 |
| | Учесник во научен проект | 1 | 5 | 1 | 8 | 13 |
| | Член на факултетски орган, комисија<br>1. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски академски студии за учебната 2013/2014 година на Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-187/8)<br>2. Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на универзитетски академски студии за учебната 2014/2015 година на Факултет за образовни науки (Одлука бр. 2102-149/8)<br>3. Член на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 2107-42/2 Одлука за формирање на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на член од редот на соработниците).<br>4. Член на Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014 година (Одлука бр. 0701-1239/24). | 4 | 2 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **60,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **95,5** |